


# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ОПШТИ ПРАВНИ РАБОТИ

**Локација:** Скопје

**Оддел:** Оддел за Правни работи

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух**

**приватно здравствено осигурување**

**конкурентна плата и надоместоци**

**Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)**

## Што ќе биде твојата улога

Застапување на банката и превземање на сите неопходни дејства во сложени постапките пред судски, управни и други органи и институции каде банката се јавува како странка;

Надзор, контрола и координација на работата на надворешните соработници на банката во делот на правните услуги, со активно следење на истите и изготвува соодветни извештаи;

Активно учество во изготвување на нацрт-договорите кои ги склучува Банката во рамките на своето редовно работење;

Проверка, давање на мислење и насоки на договорите кои се во надлежност на други организациони единици на банката, а кои ги склучува Банката при вршење на одредени активности со надворешни лица;

Изготвување на сложени правни мислења и давање на стручни совети на Управниот одбор и на другите надлежни служби за сите правни прашања на банката согласно соодветно добиени инструкции;

Активно учество во изготвување на интерните акти на Банката кои ја регулираат активноста на вработените од Правна служба;

Следење и анализа на прописите со кои се регулира областа во која вработените во Правна служба ги извршуваат своите активности.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Правен факултет – Правен смер

Положен правосуден испит

Најмалку 3 години претходно работно искуство во релевантната област

Претходно работно искуство на иста/слична позиција или во адвокатска канцеларија ќе се смета за предност

Активно познавање на англиски јазик и работа со компјутер (МС Office)

Одлично познавање на позитивните законски прописи во делот на граѓанско правна и кривично правна материја, особено облигационите односи и прописи поврзани со банкарското работење.

Соодветно искуство во водење на постапки пред судски, управни и други органи и институции каде банката се јавува како странка

Иницијативност, тактичност, креативност, доверливост, самостојност, способност за планирање и одлучување, агилност

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **22.01.2025** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА ОПШТИ ПРАВНИ РАБОТИ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината #кариераБезБариера**